Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-2612
16.01. 2026 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната шеста седница на Советот на Општина Градско**
**на ден 25.12.2025 година, со почеток во 13:00 часот**
**во салата на Општина Градско на следиот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 5-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2026 година.
3. Предлог- Буџет на Општина Градско за 2026 година.
4. Предлог- Одлука за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година.
5. Предлог- Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година.
6. Предлог- Буџетски календар на општина Градско за 2026 година.
7. Предлог- Одлука за формирање на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.
8. Предлог- Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување на вредност на градежно земјиште на територијата на општина Градско.
9. Предлог- Одлука определување на критериумите за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште на територијата на општина Градско.
10. Предлог- Годишна програма за работа на ЈКП „Клепа“ Градско за 2026 година.
11. Предлог- Финансиски план на ЈКП „Клепа“ Градско за 2026 година.
12. Предлог- Годишна програма за управување со отпад за 2026 година.
13. Предлог- Одлука за зголемување на цената за јавна чистота на физички лица.
14. Предлог- Предлог за утврдување на просечните цени за надомест на производите и услугите кои ЈКП „Клепа“ Градско ги врши за правните и физичките лица кои ќе важат од 01.01.2026 година.
15. Предлог- Одлука за зголемување на цената за собирање на смет (ѓубрарина) за физички и правни лица за станбена површина.
16. Предлог- Заклучоци против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации.
17. Разгледувања на барања и поднесоци.
18. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Драгана Данева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Драгана Данева, Веле Петрески, Душко Цековски, Кристина Самандова, Димче Богдановски, Тоше Петревски, Александар Ристовски, Благоја Станишевски и Боне Спасовски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита предложениот дневен ред и предложи истиот да биде дополнет со 1(една) точка:

1.Предлог- Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2025/2026 година.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 6-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 5-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Советот на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 5-та Седница на Советот на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 5-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 5-та седница на Советот на Општина Градско.

*2.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Програмата беше образложена од страна на Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков кој истакна дека програмата се носи секоја година и истата е менлива и ќе се менува често врз основа на потребите, можностите и во зависност од повиците каде ќе се аплицира и од сопствените приходи на општината.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2026 година.

*3.Буџет на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Буџетот беше образложен од страна на Елена Смилкова од општинската администрација. Законски рок за донесување на буџетот е 31 декември. Првично е проектиран на 123.656.738,00 денари, но во текот на годината може да има измени дополнувања, ребаланс. Во А0 програмата освен надоместоците ставена е и субвенцијата кон ЈКП, стипендиите, за новоронедчињата. Во А1 предвидени се средства за исплата на локалните избори, Во Д0 освен платата на градоначалникот предвидени се и тековните резерви, ка ј општинската администрација освен плати и тековни трошоци предвидени се и учество во проекти и привремени вработувања. Кај јавното осветлување предвидено е месечната фактура за потрошена енергија и за нова постапка за одржување на јавното осветлување. Предвидени се дезинфекцијата и дератизацијата и одржувањето на улиците и јавното зеленило. Во ЈА програмата имаме предвидено средства за јавното приватно партнерство. Во однос на капиталните трошоци во ЈД програмата имаме предвидено за потготовка на проекти, за изработка на геодетски елаборати, за изградба на улици и вршење на надзор. ЈГ е за водоснабдување за нова бушотина, во Н1 предвидени се средства за бесплатниот оброк за учениците, имаме предвидено средства за бесплатната градинка. Исто така имаме предвидено средства за експропијација за проширување на гробните места, за доградба на училиштето, за изработка на проект за реконструкција на фасадите во централното подрачје во Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско го усвои Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

*4.Одлука за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Паралелно со усвојување на буџетот законска обврска е и усвојување на оваа одлука. Се однесува на исплата кон физички лица, за исплата на плата на градоначалникот, надоместокот за советниците, јубилејните награди, надомест за смрт на член на потесно семејство, за новороденче, прецизирани се исплатите од тековноте резерви.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

*5.Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Висината на бодот за платите на државните службеници се утвдува со посебна Одлука на државно ниво, подолг период нема измена.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година.

*6.Буџетски календар на општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Буџетскиот календар преставува роковник во однос на усвојувањето на актите. Предлагам да има измена 15 ноември да се замени со 10 декември и 25 декември да се замени со 31 декември.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Буџетскиот календар на општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско го усвои Буџетскиот календар на општина Градско за 2026 година.

*7.Одлука за формирање на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Мери Седмакова Димовска од општинската администрација. Од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата добивме насоки дека секоја општина треба да формира совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Од нивна страна ни беше посочено кој профил на лица треба да членуваат во тој совет. Доставивме предлог лица кои предходно беа информирани и за истите добивме позитивен одговор. Треба да помине на совет и Одлуката да ја доставиме до Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за формирање на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за формирање на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

*8.Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување на вредност на градежно земјиште на територијата на општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување на вредност на градежно земјиште на територијата на општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување на вредност на градежно земјиште на територијата на општина Градско.

*9.Одлука определување на критериумите за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште на територијата на општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката определување на критериумите за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште на територијата на општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката определување на критериумите за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште на територијата на општина Градско.

*10.Годишна програма за работа на ЈКП „Клепа“ Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Ванчо Цветков директор на ЈКП„Клепа“ Градско. Програмата за габота на ЈКП Клепа нема измена во однос на предходната година, основната дејност е водоснабдување и канализација, продолжуваме со истото темпо за собирање смет и водоснабдувањето, оваа година се планира нова бушотина во Ногаевци и една во Виничани.

Веле Петрески- старите водоводни линии дали се планира да се сменат.

Ванчо Цветков- од финансиски план сами неможиме, со поддршка на општината би можело да се сменат.

Боне Спасовски- дали може да се укине паушалот, има реакции дека така се троши повеќе вода.

Ванчо Цветков- паушалот е привремена мерка во траење од 6 месеци не е трајно решение. Малку се такви лица, а плаќаат 50т плус.

Благоја Станишевски- може ли да се покаче паушалот.

Ванчо Цветков- не можиме сами, треба да помине на совет.

Боне Спасовски- лицата кои имаат заостанат долг дали се утужени и како да се реши проблемот.

Ванчо Цветков- да каде што може каде е законски, предходно некој не си ги завршил работите, не смееме да отпишуваме долгови додека не се донесе некој закон.

Боне Спасовски- да им се купи зимска опрема на работниците.

Ванчо Цветков- финансиски не сме во можност, ХТЗ опрема им набавуваме еднаш годишно.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Годишната програма за работа на ЈКП „Клепа“ Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско ја усвои Годишната програма за работа на ЈКП „Клепа“ Градско за 2026 година.

*11.Финансиски план на ЈКП „Клепа“ Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Ванчо Цветков директор на ЈКП„Клепа“ Градско. Финасискиот план е проектиран слично како предходната година. За наредната година во графата на расходи имаме покачување од 10% кои се однесуваат на очекуваното покачување на струјата, минималната плата репро материјалите. Приходите се од наплата на вода и ѓубрарина и од субвенционирање од општината.

Тоше Петровски- дали може да се направи сметките да се плаќаат онлајн.

Ванчо Цветков- може, но тоа е дополнителен трошок во моментов не сме во можност.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Финансискиот план на ЈКП „Клепа“ Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско го усвои Финансискиот план на ЈКП „Клепа“ Градско за 2026 година.

*12.Годишна програма за управување со отпад за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Ванчо Цветков директор на ЈКП„Клепа“ Градско. Оваа програма е многу слична на Програмата за работа на ЈКП, но е конкретно за отпад, за собирање на отпадот имаме неделен распоред се знае кој ден каде се собира сметот.

Боне Спасовски- немаме зборови за собирање на отпадот, но дали може да се одреди место каде да се фрла отпадот од дворовите, ако не нека има казни.

Ванчо Цветков- за малите населени места е комплексно прашање за отворање на депонии, може да се одреди место но сепак ќе биде дива депонија. Како ЈКП може да го собериме отпадот а за казнување е полицијата и комуналниот инспектор. Треба да проработи свеста кај луѓето.

Боне Спасовски- да но ќе има едно место за таа намена.

Благоја Станишевски- треба да почниме со пријавување, а Градско е почисто и од многу поголеми градови.

Тоше Петревски- дали се контролира што се фрла, градежен шут на пример.

Ванчо Цветков- има човек додека е таму не се фрла, после тоа фрлаат.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Годишната програма за управување со отпад за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Годишната програма за управување со отпад за 2026 година.

*13.Одлука за зголемување на цената за јавна чистота на физички лица.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Ванчо Цветков директор на ЈКП„Клепа“ Градско. Не се работи за зголемување на цената за јавна чистота за сите населени места туку е само за Градско. Се работи за оние 20 денари за чистење на гробиштата, се укинуваат од сметката се префрлаат кај јавна чистота. Исто така по насоки од комуналниот инспекторат се

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за зголемување на цената за јавна чистота на физички лица.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за зголемување на цената за јавна чистота на физички лица.

*14.Предлог за утврдување на просечните цени за надомест на производите и услугите кои ЈКП „Клепа“ Градско ги врши за правните и физичките лица кои ќе важат од 01.01.2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Ванчо Цветков директор на ЈКП„Клепа“ Градско. Со стариот ценовник има мала разлика кај приклучокот и кај изнесувањето на смет до 5км и над 5км. Се јави потреба за НУ Стоби наплаќавме иста цена со Градско, беше неисплатливо со таа цена. Имаме нова ставка за чистење на снег со скип. Имаме зголемување на работка рака од 200 на 300 денари.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Предлогот за утврдување на просечните цени за надомест на производите и услугите кои ЈКП „Клепа“ Градско ги врши за правните и физичките лица кои ќе важат од 01.01.2026 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско го усвои Предлогот за утврдување на просечните цени за надомест на производите и услугите кои ЈКП „Клепа“ Градско ги врши за правните и физичките лица кои ќе важат од 01.01.2026 година.

*15.Одлука за зголемување на цената за собирање на смет (ѓубрарина) за физички и правни лица за станбена површина.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 15 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Ванчо Цветков директор на ЈКП„Клепа“ Градско. Се однесува само за цената за смет, сега е 2 денари за физички и 4 денари за правни лица плус 2 денари за дворно место кај правните лица кај физичките лица не се наплаќа. Предлогот за покачување е 1 денар што реално е многу малку.

Димче Богдановски- 11 години се долг период ништо не е покачено, вработените се надеваат на поголеми плати, сметам дека не е многу јас сум да се покачи цената.

Тоше Петревски- како општина и како ЈКП мислам дека сме едни од најпримерните како се собира сметот и мислам дека реално е потребно покачувањето. Знаеме предходно како било во пракса, со наследени долгови, сега општината одвојува голема сума на средства за помош на ЈКП.

Александар Ристовски- ако не изгласаме секој година комуналното ќе тоне во долгови.

Боне Спасовски- со 1 денар ЈКП е повторно во дупка, мој предлог е во јуни да се покачи уште за пола денар за да може да функционира.

Киро Нацков- да видиме како ќе оди работата, искрено мислев долго време, во однос на ЈКП субвенционираме 200.000,00 денари и 210.000,00 денари кон ЕВН. Со новата цена на струјата која што веќе е најавена од регулаторна и зголемувањето на минималната плата таа дупка се зголемува.

Благоја Станишевски- колку кошта опремата за вработените, да одделиме ние од паушалот да им се купи. Дали се согласувате.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за зголемување на цената за собирање на смет (ѓубрарина) за физички и правни лица за станбена површина.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за зголемување на цената за собирање на смет (ѓубрарина) за физички и правни лица за станбена површина.

*16.Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2025/2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 16 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2025/2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2025/2026 година.

*17.Заклучоци против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 17 од дневниот ред.

Киро Нацков- овие заклучоци се носат дека општината нема издадено никаква дозвола за изградба на бегалски кампови и во иднина нема да донесиме таква одлука.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Заклучоците против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско ги усвои Заклучоците против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации.

*18.Разгледувања на барања и поднесоци.*

/

*19.Разно.*

Благоја Станишевски- ако се согласувате да одвоиме средства од паушалот да им се купи ХТЗ опрема на работниците во комуналното, наши сограѓани се.

Киро Нацков- ако се согласувате и јас ќе учествувам.

Тоше Петревски- да видиме колкава е сумата, да се праша, да ни се достават понуди.

Боне Спасовски- со скипот од комуналното околу 2км да се расчисти патот кој оди до Ногаевци, не е проодно и за осветлување на железничката пруга кај Виничани. За безбедност да се стават камери.

Киро Нацков- ќе му пренесам на директорот кога ќе биде слободен, а камери ќе се ставаат на влез и излез на секоја општина.

Димче Богдановски- иде празникот Водици ќе има поголема фрекфенција на возила, патот е стеснет да се расчисти има наноси.

Веле Петрески- има реакции од лица кај продавницата на Миленковски дистрибутерите застанувале на патот не е безбедно. Нема знак за пешачки премин на регионалниот пат.

Тоше Петревски- да се реагира до ЈПДП кај исклучокот за Неготино се собира многу вода. Дали може да биде бесплатно за децата што ја користат салата за фудбал.

Киро Нацков- бесплатно е само за децата ученици до 9 одделение, за останатите не.

Благоја Станишевски- траба да се плаќа, треба да се одржува салата.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори шестата седница во 15:30 часот.

Записник водел:

Мери Седмакова-Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско

Драгана Данева

Република Северна Македонија · Општина Градско · Градско